1. Никола Ѓорѓиевски IX-4 (учество)

**Информатика - ментор Ѕвонко Лукрис**

Во периодот од 4.11.2024 до 8.11.2024 се одржа онлајн натпреварот „Дабар“ на кој земаа учество 66 ученици од шесто и 14 ученици од седмо одделение.

**Германски јазик - ментор Сања Јанкоска и Елена Нанева**

На 12.02.2025 се одржа училиштен натпревар за седмо одделение по германски јазик . На натпреварот учествуваа Игор Максимовски 7-1, Бојан Андонов 7-2, Софија Кочоска 7-2, Софија Петрушева 7-2 , Калина Цветковска 7-2 и Бјанка Димовска 7-3.

Тројцата ученици со најмногу бодови го претставуваа нашето училиште на регионалниот натпрева, Игор Максимовски 7-1, Бјанка Димовска 7-3 и Софија Кочоска 7-2 .

.На 13. 3. 2025 во ООУ ,, Војдан Чернодрински - Скопје се одржа Регионалната Олимпијада по германски јазик. Учениците ги постигнаа следниот успех:

**9 одделение:** Ментор Сања Јанкоска - Ристова

Анастасија Наков I награда 40/40
Евгенија Гоцевски I награда 38/40
Марко Гавриловски II 34/40 награда

**8 одделение:** Ментор Елена Нанева

Лина Гоцевска III награда 32/40

**7 одделение:** Ментор Сања Јанкоска Ристова

Игор Максимовски II награда 38/40
Бјанка Димовска III награда 35/40
Софија Кочоска пофалница 33/40

**6 одделение:** Ментор Елена Нанева

Магдалена Николовска пофалница 31/40
Матеј Стојановски учество
Филип Стојановски учество

Горенаведените ученици се пласираа на Државната Олипијада, освен ученичките Софија Кочоска, Магдалена Николовска.Матеј Стојаноски и Филип Стојановски

На Државната Олимпијадата по германски јазик , која се одржа на 23.3.2025 година, во Охрид, учениците го постигнаа следниот успех:

**9 одделение:** Ментор Сања Јанкоска - Ристова

Анастасија Наков,  2 награда

Евгенија Гоцевски, 2 награда
Марко Гавриловски,  3 награда

**8 одделение:** Ментор Елена Нанева

Лина Гоцевска, 2 награда

**7 одделение:** Ментор Сања Јанкоска Ристова

Игор Максимовски учество
Бјанка Димовска учество

**Француски јазик - ментор Габриела Велева**

Учество на регионален натпревар тројца од 7мо одделение, и двајца од 9то одделение.

Јана Левеска 9-4 пласман на државен натпревар

**Македонски јазик**

Регионален натпревар: Ментор Ана Стамболиска

Лина Петреска 7-3 втора награда (Ментор Ана Стамболиска)

Марко Гавриловски 9-5 пофалница (Ментор: Верка Ангелова)

Калин Ристовски 9-5 трета награда (Ментор: Верка Ангелова)

Државен натпревар :

Лина Петреска 7-3 одд. втора награда (Ментор: Ана Стамболиска)

Калин Ристовски 9-5 одд.пофалница (Ментор Верка Ангелова)

Литературен конкурс по повод патронен празник:

Јана Јачовска 9-2одд. прва награда
Деспина Ѓорѓиевска 9-2 одд.втора награда
Михаела Вукелиќ 6-1 одд.трето место

**Англиски јазик:** Ментори Љубица Цинциевска и Сања Димовиќ

На олимпијадата по англиски јазик Hippo, од нашето училиште учество земаа 195 ученици.

Прелиминарниот круг се одржа на 7.март 2025 година. Учениците се натпреваруваа во катергориите:

- во Little Hippo (III и IV одделение) се натпреваруваа 79 кандидати,

- во Hippo 1 (V и VI одделение) се натпреваруваа 66 ученици.

- во Hippo 2 (VII одделение) учество земаа 23 ученици,

- во Hippo 3 (VIII и IX одделение) се натпреваруваа 27 ученици.

Во вториот круг (State Finals) – државно ниво, кој се одржа на 11.април 2025, се пласираа:

Little Hippo: Ангела Ризова, Огнен Здравевски, Јана Трајковска, Давид Ристески, Лилјана Трајановиќ, Јована Ќупева.

Hippo 1: Елени Ефтова, Карина Чачоровска, Саша Граматиковска, Моника Ќоќоровска, Калина Боцевска, Дениција Лазовска, Илина Димовска и Вероника Ристова.

Hippo 2: Калин Герасимевски, Софија Петрушева и Ерика Тарунџиоска.

Hippo 3: Лина Гоцевска, Марко Гавриловски и Ивана Спирова.

По завршување на двата круга, ученикот Марко Гавриловски се пласира во следната фаза – европски квалификации, во Венеција, Италија. Од 47 натпреварувачи во овој круг, Марко е на 8-мо место со 30 од 35 поени.

**Училишен спортски клуб - Одговорен наставник: м-р Гоце Кузев**

-Државно првенство во пливање: освоено 1 место на 50м краул, и трето место на 100м делфин

-Општинско првенство во Футсал 8 и 9 одделение, и освоено 3 место.

Октомври:

-Проект со МОК – Едукативна програма преку препознавање на олимписките вредности;

-Општинско првенство одбојка женски 8 и 9 одделение, и освоено 1 место.

Ноември:

-Обезбедена донација од 10 шаховски табли и организација на турнир помеѓу одделенија;

-Општинско првенство машки за 8 и 9, освоено 2 место;

- Учество на Sports summit Today's Sport 2024;

-Општинско првенство ракомет женски 8 и 9 одделение,освоено 4 место и пласман на регионално првенство;

Декември:

- Државна награда за најдобар училишен спортски клуб за 2024 година;

-Одбојкарски зимски турнир во ПУЛЕВСКИ ВОЛЕЈ освоено 1 место;

-Општинско првенство кошарка женски 8 и 9 одделение, освоено 4 место и пласман на регионално првенство ;

Март:

-Освоено прво место со 4 и 5 одделение 3 х 3 со проектот на КИК АРЕНА;

-Освоено второ место на регион за 8 и 9 одбојка женски

-Април

-Освоено прво место за 8 и 9 на одбојкарска лига ЛУСИ;

-Организиран хуманитарен турнир за настраданите во Кочани;

Мај:

-Одбојкарски пролетен турнир во ПУЛЕВСКИ ВОЛЕЈ освоено 1 место;

-Освоено трето место одбојка на општинско првенство за 6 и 7 оддление;

-Освоено прво место одбојка за 6 и 7 на одбојкарска лига ЛУСИ ;

-Освоено прво место футсал за 6 и 7;

Септември:

Активно учество во Вело училишта:возење полигон со правила,елементарни запознавања со велосипедизам и возење велосипеди до Градски Парк:

-Регионална лига одбојка женски 6 и 7, освоено 1 место.

-Октомври - Јуни проект со ФФМ Фудбал за развој на женскиот фудбал;

-Државно првенство во Атлетика-Куманово

Освоено: Второ место на 600 метри

Прво место на штафета 4x100 метри

**Проект - Училишен фудбал за девојчиња- одговорен наставник Гордана Гелевска**

Носител: Фудбалска федерација на Македонија, во соработка со Федерација на училишен спорт на Македонија.
**Регионален натпревар - (29.05.2025) - освоено трето место.**

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

**СПРОВЕДЕНА РАБОТИЛНИЦА – МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ**

**ВО РАМКИТЕ НА РЕДОВНАТА НАСТАВА**

Во рамките на проектот МИО на редовната настава по предметот ликовно образование на ден 24.12.2024г. беше спроведена работилница од темата: Дизајн и визуелни комуникации.

Наставната содржина:Изработка на Новогодишни честитки.

Во посета на нашето училиште дојдоа ученици од училиштето „Алија Авдовиќ" од петто одделение со нивната одделенска наставничка Сенада Ајдарпашиќ.

Со учениците разговаравме за празниците кои се ближат, за начинот на честитање едни на други, за песните кои ги пееме и најпосакуваниот Дедо Мраз кој ги исполнува детските желби.

Активноста ја продолживме со претставување на секој ученик индивидуално со што се запознаа меѓу себе, секој ученик доби задача да изработи Новогодишна честитка за едно ново другарче и за истото да замисли една Новогодишна желба.

Учениците работеа во групи користејќи заеднички материјал за изработка на честитки ( ножици, хамери во различни бои, лепак, ленти, различни стикери, памук, гранчиња од елка,листови во боја....)

На крајот на активноста децата меѓу себе си ги разменија новогодишните честитки со желби за радост, среќа, здравје....

За време на работилницата учениците си помагаа, имаа прекрасна детска енергија, многу насмевки, креативност и се гледаше нивната среќа за постигната цел: ново другарство.

На крајот на работилницата децата играа и пееја Новогодишни песни.

**Одделенски наставник кои ја реализираа работилницата : Лилјана Стојковска ООУ„Ѓорѓија Пулевски" и Сенада Ајдарпашиќ ООУ „Алија Авдовиќ".**

## 14. Проекти што се реализираат во нашето училиште :

## 1. eTwinning проект „ The European School Radio

### 1.1. Цел на проектот

Целта на училишното радио беше да им се овозможи на учениците активно вклучување во креативен и едукативен процес преку медиумско изразување. Радиото служеше како алатка за:

- развивање комуникациски и истражувачки вештини
- охрабрување на критичко размислување
- зајакнување на самодовербата и тимската работа
- поттикнување ученичко учество во животот на училиштето

### 1.2 Учесници

Во работата на радиото беа вклучени:

- Ученици од VIII одделение – главни организатори, водители, автори на содржини
- Ученици од IV одделение – гости во емисии, рецитатори, млади известувачи
- Наставници – како гости во интервјуа и дискусии на одредени теми

### 1.3. Активности и теми

Секоја емисија се одржуваше секој понеделник. Темите беа разновидни и прилагодени на интересите на учениците, а истовремено едукативни и социјално значајни. Дел од обработените теми беа:

- Здрава исхрана и здрави навики
- Правата и обврските на учениците
- Заштита на животната средина
- Интернет и дигитална безбедност

- Меѓусебна почит и пријателство
- Интервјуа со наставници (по предмети, за нивната професија, совети за учење)

Секоја емисија вклучуваше: уводна најава, извештаи од учениците, интервјуа и дискусии, музички паузи, заклучоци и најава за следната тема.

1.4. Резултати и ефекти

- Учениците ја покажаа својата креативност и одговорност во подготовката и изведбата.
- Подобрена е меѓугенерациската соработка помеѓу IV и VIII одделение.
- Радиото придонесе за поголема вклученост на наставниците во неформалното воспитно-образовно дејствување.
- Се зголеми интересот кај учениците за медиумска писменост и новинарство

1.5. Заклучок

Училишното радио претставуваше успешен пример на воннаставна активност што ги обедини учениците и наставниците во заедничка едукативна и креативна платформа. Препорачуваме активноста да продолжи и во наредната учебна година со можност за вклучување на уште повеќе одделенија и теми.

**Одговорни наставници - Добрила Д. Илијоска и Марија Тодоровска**

**2. ФЛОРИШ „Родителство за целоживотно здравје“.** во соработка со Светската здравствена организација и УНИЦЕФ, а кај нас ја спроведува Институтот за брак, семејство и системска пракса - АЛТЕРНАТИВА. преку фацилитатори.

**-цел на програмата** : јакнење и унапредување на добросостојбата на семејствата, родителите и адолесцентите
**-име и презиме на фацилитатори кои ја реализираа програмата** - Мирјана Саздовска Стојановска - психолог и Елизабета Петровиќ - одделенски раководител
**-временска рамка во која се реализира програмата**

Активностите се реализираа во текот учебната 2024-2025 година, од септември до мај.
**-очекувани резултати од програмата:**
Адолесценцијата е клучен период за здравјето на младите. Тоа е период на бројни физички, емоционални и социјални промени и претставува важна животна фаза за развојот на мозокот. Но, овие искуства често се и предизвик за многу родители и адолесценти. Преку оваа програма се зацврстуваат релациите во семејствата (однос родител-дете ), родителите се здобија со соодветни вештини и техники за родителство, За време на групните средби, семејствата учествуваа во активности на теми како што се:
- градење позитивни односи
- справување со емоции и чувствителни теми
- справување со стрес
- воспоставување правила и рутини
- решавање проблеми
- односи со врсници и меѓусебна поддршка

**Во оваа програма учествуваа 20 семејства, родител и адолесцент.**

***15. Поддршка на учениците***

**15.1. Постигнување на учениците**

**- Постигнување на учениците на крајот од учебната 2024/2025 година**

Успехот на учениците по генерации е прикажан во табелите од статистичкиот преглед.

Од прво до трето одделение се вкупно 359 ученици кои согласно ЗОО се описно оценети, оценките се заведени во Свидетелство и Додаток на свидетелство.

Од IV - IXодд. со бројчани оценки се оценети сите 681 ученици и еден ученик е описно оценет согласно програмата.Оценките се заведени во Свидетелсво и Додаток на свидетелство.

Во табелите е прикажан успехот на учениците од IV - IX одделение по паралелки.

Овој успех е објективен и се должи на пореалните критериуми за следење на учениците преку формативно оценување од кое произлегува сумативното оценување.

***Постигнувања на учениците по паралелки за учебната 2024/2025 година*:**

| IV одд | V одд | VI одд | VII одд | VIII одд | IX одд |
|---|---|---|---|---|---|
| IV-1 - 5,00 | V-1 - 4,97 | VI-1 - 4,92 | VII-1 - 4,76 | VIII-1 - 4,88 | IX-1 - 4,33 |
| IV-2 - 4,89 | V-2 - 4,04 | VI-2 - 4,94 | VII-2 - 4,75 | VIII-2 - 4,47 | IX-2 - 4,85 |
| IV-3 - 4,94 | V-3 - 4,95 | VI-3 - 4,94 | VII-3 - 4,39 | VIII-3 - 4,46 | IX-3 - 4,83 |
| IV-4 - 4,92 | V-4 - 4,86 | VI-4 - 4,42 | VII-4 - 4,75 | VIII-4 - 4,68 | IX-4 - 4,86 |
| IV-5 - 4,62 | V-5 - 4,86 | | | | IX-5 - 4,65 |
| **Среден општ успех на IV одд. 4,87** | **Среден општ успех на V одд. 4,73** | **Среден општ успех на VI одд. 4,80** | **Среден општ успех на VII одд. 4,66** | **Среден општ успех на VIII одд. 4,62** | **Среден општ успех на IX одд. 4,70** |
| **СРЕДЕН УСПЕХ НА НИВО НА УЧИЛИШТЕ - 4,73** | | | | | |

**Вкупно со бројчани оценки се ученици од IV-IX одделение**

| Успех | Број на ученици |
|---|---|

| | |
|---|---|
| Одличен | 579 |
| Многу добар | 78 |
| Добар | 10 |
| Доволен | 1 |
| Со слаби оценки | / |
| Среден успех од IV-IX | 4,73 |

Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците. Службата со одделенските раководители од прибраните податоци за постигнувањето на учениците по сите наставни предмети по квалификациони периоди пристапува кон компаративна анализа на поединечни ученички успеси. Предвидени се анализи и споредби на средниот успех, поведението и изостаноците, како и на постигнувањата според полот на учениците, по предмети и одделенија, етничката припадност, наставен јазик и друго.

Одделенските и предметните наставници континуирано го следат напредокот и постигањата на учениците и редовно ги известуваат родителите на ученикот. Состојбата на успехот на ученикот по наставни предмети ги утврдува одделенскиот совет, а родителот на ученикот се информира преку евидентен лист. За крајниот успех на ученикот ќе се изготват Свидетелства и Додаток на свидетелство.

Наставниот и стручниот кадар во училиштето континуирано работи на имплементација на стандардите и критериумите за следење и оценување на постигањата на учениците.

За да се подобри оценувањето на учениците, училиштето има изготвено „Кодекс за етичко однесување при оценувањето“. Во рамките на активите се забележува стандардизација на формулари за следење и оценување на постигањата на учениците. Успехот на учениците им е достапен на родителите во секое време во електронскиот дневник. Сите наставници редовно реализираат додатна и дополнителна настава и настојуваат да се подобри нивниот квалитет, а со тоа да се подобри и успехот на учениците. Наставниците применуваат ефективни техники и стратегии за утврдување и подобрување на постигањата на учениците, се применуваат различни извори на знаења (енциклопедии, стручна литература), а се применува и ИКТ во наставата.

## 15.2. Професионална ориентација на учениците

Тимот за професионална ориентација на учениците за оваа учебна година е во состав: психолог Мирјана Саздовска Стојановска, Весна Вулелиќ, специјален едукатор и рехабилитатор и одделенските раководители на паралелките од деветто одделение: Верка Ангелова, Снежана Конеска, Сузана Тасевска, Костадин Коџоман и Љубица Цинциевска Јакимовски во текот на оваа учебна година ги насочуваа учениците за професионална ориентација преку активности кои најчесто беа организирани на одделенските часови и часовите по граѓанско образование.

На полето на професионалната ориентација на учениците се работи континуирано во текот на нивното основно образование. Во соработка со локалната заедница, како и во соработка со родителите учениците од најрана возраст на основното образование се запознаваат со професии, струки и занимања, со цел да се поттикнуваат за избор на идната професија.

Психологот презема конкретни активности за професионална ориентација на учениците. Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, со кои учениците ќе се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со структурите и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање.

Во текот на учебната година се остваруваа индивидуални и групни разговори со учениците за нивните професионални интереси за правилен избор на струки и занимања, добивање на информации за изготвување на CV, мотивационо писмо, водење на ученичко портфолио и други активности поврзани со кариерното советување на учениците.

Во текот на учебната година на учениците од IX одделение им беше споделена анкета преку која се добива увид во нивните размислувања за изборот на средно училиште, се споредува со новното искажување на тестот по македонски јазик на тема Кој сакам да бидам и при крајот на учебната година учениците решаваат тест за професионална ориентација RIASEC и толкувањето на резултатите го правевме заедно.

Некои од учениците кои беа неодлучни побараа советодавни разговори со психологот.

Во текот на второто полугодие се организираа отворени денови од страна на средните училишта, презентации и афирмација на државните и приватните средни училишта од градот преку кои учениците се запознаваа со условите и критеирумите за упис во средно образование со цел полесен и посигурен избор на понатамошното образование на учениците.

**15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација**

Во училиштето има изготвено програма за превенција на насилно однесување, со цел намалување на асоцијалното и насилното однесување, обезбедување сигурност и доверба меѓу учениците, зголемување на степенот на меѓусебно разбирање и толеранција, оспособување за решавање конфликтни ситуации, во кои учествуваат учениците преку индивидуални и групни активности.

Училишниот тим за намалување на насилното однесување на учениците прави детектирање на видовите насилно однесување во училиштето, местата каде се случуваат и презема соодветни мерки за нивно сузбивање и намалување.

Стручните соработници и наставниците остваруваат советодавна работа со учениците - жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување, како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави. Директорот на училиштето е должен да го пријави до надлежните институции секој облик на насилство, злоупотреба или занемарување сторено врз ученик од страна на друг ученик, родител / старател, наставник, стручен соработник или кое било друго лице вработено во училиштето.

Во соработка со родителите и релевантни институции се спроведуваат активности во училиштето во кои учествуваат родителите, учениците и наставниците, со цел да се придонесе за подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците. Во текот на учебната година се реализираа: предавања, разговори и работилници на часот по одделенска заедница, со стручните соработници, со одделенските раководители и со надворешни стручни лица во врска со превентива од болести (заштита, зараза, зависност). Училиштето остварува соработка со релевантни институции: МВР, Центарот за социјална работа, здравствени установи за безбедност преку одржување едукативни работилници за учениците.

Работилници за меѓуврсничко насилство, препознавање, првенција и интервенција се реализираа во периодот од октомври 2024 до мај 2025 година. Целта беше да се види дали серија работилници ќе придонесат за препознавање на насилството и ќе доведат до негова рана превенција и интервенција кај учениците. Активностите се реализираа со учениците од 6то и беа опфетени 4 паралелки.

| **Активност** | **Соработници** | **Време на реализација** | **Ресурси** |
|---|---|---|---|
| **Дефинирање на истражувачкото прашање** | / | октомври 2024 | / |
| **Подготовка на инструменти** | / | октомври 2024 | Компјутер, Microsoft forms |
| **Анонимна анкета за меѓуврсничко насилство** | ученици | октомври, 2024 | Компјутер |
| **Прибирање на првичните резултати** | Ученици | октомври, 2024 | Компјутер |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Анализа на првичните резултати** | Психолог | октомври 2024 | Компјутер |
| **Изработка на Стратегија за превземање акција** | Психолог | ноември 2024 | хартија, компјутер |
| **Работилница: „Меѓуврсничко насилство 1/3“** | психолог ученици | ноември 2024 | табла, маркери, стикери |
| **Работилница: Меѓуврсничко насилство 2/3** | психолог ученици | декември 2024 | табла, маркери, стикери |
| **Работилница: Меѓуврсничко насилство 3/3** | психолог ученици | февруари 2025 | табла, маркери, стикери, презентација, компјутер |
| **Работилница: Пробај ги моите чевли, Емпатија** | психолог ученици | март 2025 | табла, маркери, стикери, тест за емпатија |
| **Работилница конфликти** | Психолог ученици | април 2025 | Презентација, компјутер, тест за конфликти |
| **Повторно задавање анонимна анкета за меѓуврсничко насилство** | Психолог ученици | април 2025 | Компјутер, Microsoft forms |
| **Прибирање податоци по превземените активности** | психолог | мај 2025 | Компјутер |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Извештај од спроведеното акциско истражување** | Психолог | јуни 2025 | презентација, компјутер |

Од страна на психологот се реализира неколку работилници за психосоцијална подршка на менталното здравје и добросостојбата на децата и возрасните во кризни состојби.

## *16. Оценување*

### 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Наставниците користеа различни методи, техники и инструменти за следење на постигнувањата на учениците при формативното оценување и креирање на сумативната оценка Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваа описно и бројчано според три периоди:

Учениците од I до III одделение по задолжителните предмети се оценуваа описно во текот на целата учебна година (тримесечие, полугодие и на крајот на учебната година 2024/2025). Со описното оценување се дава приказ на постигнувањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето. Учениците со ПОП согласно измените во Законот за основно образование член 139 (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година) во првиот период постигнувањата на ученикот кој следи настава според ИОП се оценија описно.

Учениците од IV до VI одделение по задолжителните и изборните предмети се оценуваа комбинирано односно на тримесечијата добиваа описна оценка, а на полугодие и крајот на учебната година се оценуваа бројчано. Во вториот период, постигнувањата на учениците кои следат настава според ИОП се оценија бројчано, додека учениците кои што следат настава по модифицирана програма се оценети описно.

Учениците од VII до IX одделенија по задолжителните и изборните предмети беа оценувани со бројчани оценки во текот на целата учебна година. Учениците кои следат настава по ИОП се оценети бројчано, а учениците кои следат настава по модифицирана програма се оценети описно.

Родителите/старателите на учениците беа известувани за успехот и постигнувањата преку Евидентен лист за тримесечје и полугодие, кои имаа обврска да ги потпишат во електронскиот дневник, Свидетелство и Додаток на свидетелство, документи кои се поделуваат на ученицте на крајот на учебната година.

### 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Следењето, анализата и поддршка при усогласувањето на оценувањето со предвидените стандарди ги вршеше директорот и училишниот тим за следење во состав од педагогот Ирина Николоска, специјален едукатор и рехабилитатор Весна Вукелиќ и психолог Мирјана Саздовска Стојановска. Тимот изготви програма за посета на часови и преку посетата на часови и изготвување на протоколи и евидентни листи го следеше оценувањето на учениците. Со стандардите и критериумите за оценување се запознаени учениците и родителите. Одделенските наставници, односно раководители на паралелката го известуваа родителот за успехот на ученикот најмалку два пати во секое полугодие. Полугодишните оценки одделенскиот, односно раководителот на паралелката на родителите ги соопшти на родителската средба која се одржува три дена по денот на одржувањето на наставничкиот совет на кој се утврдуваат годишните оценки на учениците. Во секој класификационен период се одржани Родителски средби на кои одделенскиот раководител ги извести родителите за постигнатите резултати на учениците. Освен информирањето за постигањата на крајот на пропишаните периоди родителите добиваат редовни информации во усна или писмена форма (на индивидуални средби, писмени белешки, листи за проверка, коментари на пишани трудови на учениците и сл.)

Се изготви и извештај за успехот на учениците по одделенија, предмети, пол, етички состав и наставен јазик квартално по тромесечија, на полугодие според податоци добиени од одделенските и класните раководители. Анализа на состојбите со оценувањето се прави по активи и согласно на тоа се дава поддршка и мотивација за подобрување на резултатите.

### 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Следењето и вреднувањето на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар се изведуваше во зависност од воспитно-образовната активност што требаше да биде следена. Се вршеше по пат на соодветни инструменти и техники (евидентни листи за следење на квалитетот и работата на воспитно образовниот кадар, набљудување и др.) со што се прибираа податоци, а потоа истите се евидентираат и обработуваат. Се следеа тематските и годишните планирања,

сценарија (дневните подготовки), реализација на наставен час, водење на педагошката евиденција и водење на воннаставните активности.

| **Година 2024/2025** | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Временска рамка Следење** | | | | | | | | | | | | | | |
| **Активност** | 9 | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | Начин на спроведување (ресурси) | Инструменти | Очекувани резултати | **Одговорно лице** |
| **Следење на реализација на часови со примена на активна настава и ИКТ** | | x | x | x | x | x | x | | x | x | Посета на час<br><br>Разговор<br><br>Увид во дневни подготовки | Чек листа<br>Записник | Осовременување на наставата | **Тим за следење** |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Евалуација на посетените часови на наставници од одделенска** | | x | x | x | | | | | | | Анализа на посетените часови<br><br>Препораки за унапредување на дејноста | Чек листа<br>Записници од одржани состаноци | Професионален развој на наставниот кадар | **Тим за следење** |
| **Следење реализација на додатна и дополнителна настава** | | x | x | x | x | x | x | | x | x | Увиди во записници од додатна и дополнителна настава<br><br>Посети на час | Записници, извештаи за реализација | Подобрување на училишниот успех | **Тим за следење** |
| **Евалуација на професионален развој на**<br><br>**вработените** | | | | x | | | | | | x | Разговори,увиди во сертификатии во наставничко досие | Професионално досие на вработените | Унапредување на компетенциите на наставниот кадар | **Тим за следење** |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Следење реализација на акциските планови од Годишната програма за работа на училиштето** | | | x | x | | | x | | | x | Разгледување на извештаи од реализираните активности | Записник и анализи<br><br>Извештаи Педагошка евиденција | Успешна реализација на Годишната<br><br>програма Квалитетна реализација на приоритетите на училиштето | **Тим за следење** |
| **Следење на работата на стручните активи** | x | | x | x | | | | | | x | Анализи и дискусии по извештаи од стручните активи | Записник Анализи Извештаи | Утврдување на подрачја за промени во текот на второто полугодие | **Тим за следење** |
| **Увид во водење на педагошка документа ција и евиденција** | **x** | | **x** | | **x** | | **x** | | **x** | **x** | **Прегледување на педагошка евиденција и докуметација** | **Записници Извешти** | **Уредно водење на педагошкта** | **Тим за следење** |

Соработката со други воспитно - образовни институции надвор од училиштето и оваа учебна година се одвиваа во континуитет преку активна двонасочна комуникација со тенденција истата да се продлабочи. Контактите со МОН, ДПИ и БРО се одвиваа согласно нивните побарувања за податоци и информации за ажурирање на нивната работа. Во месец април, од

страна на советници од БРО направен е увид на три наставни часа и проценка на училиштето во однос на спроведување на Новата концепција.

### 16.4. Самоевалуација на училиштето

Училиштето на секои две години, согласно Законот за основно образование, спроведува самоевалуација на целокупната работа во текот на изминатите две години, ќе изготви извештај по спроведената самоевалуација по која се определуваат јаките и слабите страни и ќе се даваат предлози за подобрување на истите. Извештајот е во целост изготвен.

Во учебната 2024/2025 година нашето училиште изработи самоевалуација за периодот 2022 - 2024 година.

## Подрачје 1 – Наставни планови и програми

Јаки и слаби страни

- ✓ Во наставните програми во нашето училиште се планираат насоки за вградување на меѓупредметните цели (развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитување на различноста и јакнење на свеста на учениците за припадност на Република Северна Македонија како мултикултурно општество) и истите во целост се почитуваат од страна на наставниците.
- ✓ Почесто оддржување на додатната настава за надарените ученици.

ПОДРАЧЈЕ 2**: ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**

Јаки и слаби страни

- ✓ Училиштето се доживува од страна на поголемиот дел ученици и родители како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење;

- ✓ Наставниците според поголемиот број мислења на учениците ги охрабруваат, мотивираат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања, да изведуваат заклучоци за она што го учат и да умеат да даваат критичко размислување како и да водат дебата;
- ✓ Учениците и наставниците заеднички работат на различни проекти во и надвор од училиштето;
- ✓ Навремено идентификување на образовните потреби на учениците, во поголем дел се почитуваат и задоволуваат;

- Поголема примена на Протоколот за комуникација од страна на родителите и почитување на сите донесени Правилници и Кодекси на училиштето од страна на сите (родители, ученици и вработени

ПОДРАЧЈЕ 3**: УЧЕЊЕ И НАСТАВА**

***<u>ИДНИ АКТИВНОСТИ</u>***

- ❖ Континуирано одржување на постоечката компјутерска опрема во училниците

- ❖ Доопремување на училиштето со нагледни средства и помагала.

- ❖ Поттикнување на личниот професионален развој на наставниот кадар во вид на обуки.

ПОДРАЧЈЕ 4**: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ**

Јаки и слаби страни

- ✓ Соработка меѓу наставниците и стручната служба.

- ✓ Соработката на класните/предметните наставници и родителите за постигнувањата на учениците е на восоко ниво.
- ✓ Училиштето води грижа за однесувањето на учениците и вработените во однос на превенцијата од насилство и има изготвен Кодекс на однесување, кој често се чита пред учениците и ги потсетува истите.

- Нема конкретен правилник што се однесува за првенец на генерација и истакнат наставник и стручен соработник, а согласно на тоа и систем на наградување на учениците што постигнале успех и за наставниците што помогнале во тоа.

ПОДРАЧЈЕ 5: **УЧИЛИШНА КЛИМА**

Јаки и слаби страни

- ✓ Стручната служба и рехабилитаторот и едукаторот во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка
- ✓ Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес, вклучувајќи и кадар обучен за работа со деца со посебни образовни потреби.
- ✓ Училиштето има обезбедено Образовни асистенти за поддршка на учениците со посебни образовни потреби.
- ✓ Наставниците успешно работат како тим во рамки на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето

- Обновување на наставни средства и помагала на сите наставници.
- Лап топ за секој наставник и стручен соработник за поефикасна реализција на работните обврски

ПОДРАЧЈЕ 6: **РЕСУРСИ**

- Просторни капацитети
- Наставниот кадар
- Финансиско работење и учествување и за училишните средства и материјали
- Обезбедување на потребниот наставен кадар

- Следење на развојните потреби

ПОДРАЧЈЕ 7**: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА**

Јаки и слаби страни

- ✓ Комуникација
- ✓ Правила на однесување
- ✓ Преземање на иницијативи
- ✓ Соработка со родители
- Поголема транспарентност и соработка на наставниот кадар и стручните активи во училиштето
- Горенаведените предлог мерки ќе се додадат во Годишната програма за работа на училиштето и во Програмата за развој на училиштето за периодот 2023-2027 година.

## *17. Безбедност во училиштето*

Во учебната 2024/2025 год.училиштето реализираше повеќе активности со цел да се создадат услови за пријатен и безбеден престој на учениците. Таа одговорност ја имаа сите вработени во училиштето, директорот и наставниците. Општина Аеродром во договор со ,,Никоб” - агенција за обезбедување на имот и лица, како и до сега што имало обезбедување така и оваа учебна 2024/25, униформирано лице ги обезбедуваше учениците од пред почеток на првиот час до нивно заминување од училиште. Безбедноста на учениците беше на сведена на максимално ниво.

Посебна улога за заштита и безбедност на учениците во текот на наставниот ден имаа дежурните наставници кои беа определени со распоредот на наставните часови и дежурства.

Дежурните наставници се грижеа за редот и дисциплината во училиштето за време на часовите и одморите. Влегувањето на родителите согласно протоколите за работа беше со предходна најава преку одделенскиот раковидител.

Во однос на безбедноста, во училиштето има изготвено:

- **План и Протоколи,** со одредби во него: за учениците, наставниците, стручните соработници, административниот и раководниот кадар, помошните работници.
- **Правилник за заштита од пожари**, како една од мерките за заштита од елементарни незгоди, во кој се пропишани мерки за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор.
- **План за заштита и спасување**, во кој се пропишани правилата за постапување во случај на елементарни незгоди.
- **План за едукација и заштита на учениците во случај на елементарни незгоди**.
- **Куќен ред**, со одредби во него: за учениците, наставниците, стручните соработници, административниот и раководниот кадар, помошните работници.
- Изготвен е **Кодекс на однесување** за наставниците и стручните соработници, за учениците, за родителите.
- Изготвен е **распоредот на дежурства** на наставниците.

Сите горенаведени се достапни во електронска и печатена форма на огласна табла за сите чинители во воспитно - обарзовниот процес.

## *18. Грижа за здравјето*

### 18.1. Хигиена во училиштето

Техничкиот персонал континуирано се грижи за хигиената во училиштето. Дезинфекција, дезинсекција и дератизација. редовно се извршува во текот на годината.

Наставниците во соработка со родителите водеа грижа за развивање навики кај учениците за одржување на личната хигиена.Низ разни форми на презентации и едукативни предавања се врши едукација за здравата исхрана и унапредување на здравјето на учениците како и зачувување на менталното и психичкото здравје кај адолесцентите, градење на здрави и прифатливи животни навики и остварување на личните потенцијали.

Училиштето континуирано обезбедуваше средства за чистење и дезинфекција на училиштните простории.

## 18.2. Систематски прегледи

Во текот на учебната година се организираше санитарен преглед за сите вработени во соработка со Центарот за јавно здравје - Скопје.

Во соработка со Поликлиника “Јане Сандански” во текот на учебната 2024/2025 година беа спроведени систематски прегледи, стоматолошки прегледи и вакцинација на учениците

| Активност | Одд. |
|---|---|
| **Одделенска настава** | I - V |
| Систематски преглед без вакцинирање на ученици | III |
| Систематски преглед со вакцинација | I, II |
| Стоматолошки преглед | I, II, III, IV, V |
| **Предметна настава** | VI- IX |
| Систематски преглед без вакцинирање на ученици | / |

| | |
|---|---|
| Систематски преглед со вакцинирање | VII, IX |
| Стоматолошки преглед | VI,VII |
| Преглед на тироидна жлезда | IX |

**18.3. Вакцинирање**

Редовни систематски прегледи се реализираа за учениците според планот на Поликлиника Јане Сандански, со која и оваа година продолжи соработката.

Календарот за имунизација и вакцинација беа опфатени учениците од прво, второ, шесто, седмо, осмо и деветто одделение: 6 години (I одделение) Мали сипаници, рубеола, заразни заушки (1 доза) - I ревакцинирање 7 години (II одделение) Туберкулоза (со тестирање) (1 доза) Детска парализа (1 доза), дифтерија, тетанус (1доза) - I ревакцинирање; II ревакцинирање; III ревакцинирање 12 години, 2 и 6 месеци после првата доза (VI одделение); Инфекции со хуман папилома вирус (HPV) (само за девојчиња) (3 дози) - вакцинирање 14 години (завршна година на основно училиште) Рубеола (само девојчиња) (1 II ревакционирање доза); Детска парализа (1 доза); Дифтерија, тетанус (доза); III ревакцинирање; IV ревакцинирање.

Процесот на вакцинација и имунизација се изведуваше како и досега во Поликлиника „Јане Сандански" Аеродром.

Од страна на стоматолошката амбуланта во Поликлиниката "Јане Сандански" се изршија редовни стоматолошки прегледи на забите на сите ученици.

Во текот на учебната година се организираше санитарен и систематски преглед за сите вработени и успешно беше реализиран во целост во Амбуланта ,, ПревеМед" - Скопје

### 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Училиштето во текот на учебната година континуирано организираше оброк за учениците во училишната кујна (доручек, ручек и ужина) за ученици во продолжен престој од прво до трето одделение. За учениците од IV и V одделение во редовната настава имаше опционен оброк. Оброците се подготвуваат според стандардизирано мени од Агенцијата за здрава храна на РСМ во соработка со училиштето и Советот на родителите во училиштето.

*-Едукација за здрава исхрана*

Едукација за здрава исхрана и оваа учебна година првенствено ќе вршат одделенските раководители преку наставни содржини од оваа област и на часовите за одделенска заедница. Во изминатите години се практикува учениците од I-III одделение секојдневно да си имаат минути за одмор со консумирање на овошје и зелечук, односно здрава храна, а со таа практика ќе се продолжи и во иднина. Исто така, овој тип на наставни содржини ќе бидат реализирани на часовите по животни вештини и унапредување на здравјето, но секако тука можат да се вклучат и останатите наставници.

Училиштето во текот на учебната година континуирано ќе реализира едукативни предавања за здрава храна како преку редовните наставни содржини така и преку соработка со стручни лица од таа област во вид на предавања, трибини и работилници. Акцентот се става на оваа програма со цел подигање на свеста за консумирање на здрава храна .

## *19. Училиштна клима*

Училиштна клима се однесува на општата атмосфера, односите и чувството на припадност во едно училиште. Таа е составен дел од образовниот процес и има големо влијание врз учениците, наставниците, родителите и целокупниот успех на училиштето.

Клучни елементи на училиштната клима:

1. Меѓучовечки односи

- Однос меѓу ученици и наставници
- Однос меѓу самите ученици
- Однос меѓу наставниот и ненаставниот кадар

2. Чувство на безбедност
   - Физичка безбедност (недостиг на насилство, закани)
   - Емоционална безбедност (почитување, поддршка, антидискриминација)
3. Инклузивност и еднаквост
   - Почитување на различностите (етнички, културни, јазични, родови)
   - Пристапност на сите ученици до квалитетно образование
4. Поддршка за учење
   - Мотивација и ангажираност на учениците
   - Поддршка од наставниците и стручните служби
   - Развивање на позитивен став кон учењето
5. Учествување и вклученост

- Активно учество на учениците во училишниот живот
- Вклученост на родителите во училиштните активности
- Водство кое го слуша гласот на сите засегнати страни

Зошто е важна училишната клима?

- Подобра школска клима води до поголема мотивација кај учениците
- Ги намалува конфликтите и насилството
- Го подобрува академскиот успех
- Ја зголемува довербата во образовниот систем

Почитувањето и единството на сите вработени во целокупниот живот и работата на училиштето е на високо ниво. Позитивниот и професионален однос меѓу вработените и учениците е причина за поширока промоција на училиштето со активностите што се реализираат во него и надвор од него. Ученикот претставува најважниот субјект во училиштето, со свои права но и свои обврски, задачи и должности кои максимално треба да ги почитува и исполнува, развивајќи ги сите позитивни страни на својата личност и идентитет.

**19.1. Дисциплина**

Дисциплина е важен поим во образованието и воопшто во воспитно-образовниот процес. Таа претставува систем од правила, норми и однесувања кои ги прифаќаат учениците и наставниците за да се обезбеди ред, почитување и ефективно функционирање на училиштето.

Што значи дисциплина?

Дисциплината подразбира:

- Почитување на училишните правила
- Почит кон наставниците, учениците и другите лица
- Самоконтрола и одговорност
- Следење на упатствата и извршување на обврските

Видови на дисциплина:

1. Воспитна дисциплина

- Преку воспитување, учениците учат што е правилно и што не.
- Се базира на објаснување, разговор и позитивно влијание.

2. Принудна дисциплина

- Вклучува санкции и казни кога некој ги прекршува правилата.
- Целта е да се спречи повторување на недисциплинирано однесување.

3. Самодисциплина

- Највисоко ниво на дисциплина.

- Ученикот сам ги следи правилата затоа што ја разбира нивната важност, не затоа што се плаши од казна.

Зошто е важна дисциплината во училиштето?

- Обезбедува мирна и безбедна средина за учење
- Помага учениците да ги развијат моралните вредности и одговорност
- Го подобрува односот меѓу наставници и ученици
- Ја зголемува ефикасноста на наставата

Како градиме добра дисциплина?

- Со јасни и правични правила
- Со позитивен пример од страна на наставниците
- Со разговор и поддршка наместо казни
- Со вклучување на учениците во креирање на правилата

Во прилог на училишната клима, на почетокот на учебната година одделенските раководители ќе ги запознаат учениците со кодексите на правилно однесување, со правилата и должностите на однесувањето. Наставниците се задолжени за дисциплината на учениците како на часовите така и за време на одморите. Ќе се изготви распоред на дежурства на наставници и ученици, кој без исклучок ќе се следи и спроведува. Дежурствата на наставниците ќе бидат истакнати на огласната табла во наставничката канцеларија и на огласната табла на училиштето. По тој распоред секој дежурен наставник ја исполнува својата обврска. Покрај дежурните наставници ќе биде вклучено и обезбедувањето кое ќе биде

избрано од страна на Општина Аеродром.

Училишната клима и односите во нашето училиште ќе биде една од примарните компоненти на внатрешната структура на училиштето, на која ќе се посвети посебно внимание. Училишната клима се однесува на организацијата на училишниот живот или поконкретно на атмосферата која владее во училиштето, амбиентот во кој се реализира наставата. Факторите кои ја одредуваат позитивната училишна клима се односите меѓу наставникот, ученикот, родителите и заедницата како и начинот на спроведување на дисциплината, начинот на оценување, комуникацијата меѓу вработените. Таа ги опфаќа интерперсоналните односи на сите учесници во наставниот процес.
Предвидени се предавања и работилници со цел подигнување на свесноста за важноста на добрата училишна клима и подобрување на истата. Предвидено е задолжително затварање на училишните врати и водење писмена евиденција на влезност и излезност во и од училиштето, со цел контрола на тековните збиднувања за време на часовите и одморите и со цел постигнување добра дисциплина и целосна безбедност на учениците и вработените.

### 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Естетското и функционалното уредување на просторот во училиштето е клучен фактор за создавање пријатна, мотивирачка и продуктивна средина за учениците, наставниците и останатиот персонал. Добро уреденото училиште го поттикнува учењето, соработката и личниот развој.

Естетско и функционално уредување:

1. Боја и осветлување

- Користиме светли, весели бои: жолта, светло сина, зелена или комбинација на природни тонови.
- Добро осветлување (природно и вештачко) за топла и безбедна атмосфера.
- Декоративно осветлување (на пример LED траки) околу паноата или витрините.

2. Информативни табли и панели

- Паноа со теми: месечни теми (на пр. „Пријателство“, „Читање“, „Животна средина“).
- Паноа со ученички трудови: уметнички дела, есеи, постери.
- Дигитален екран: за објави, настани, презентации .

3. Зелени елементи

- Внатрешни растенија во саксии – внесуваат живот и спокој.
- Учениците се вклучени во грижа за растенијата – еко-акција.

4. Изложбен простор

- Училишни награди, дипломи.
- Галерија со фотографии од настани, екскурзии,проекти.

Во текот на учебната 2024/2025 година учениците под раководство на тимот за естетско уредување на холот и ходниците се водеше грижа за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето и опкружувањето во училиштето,со што се реализираше едукативниот елемент на наставата и естетскиот изглед на просторот (училниците ) во кои учениците го поминуваа слободното време пред,за време на одморите и после наставата.Училиштето со својата чистота, уредност и ликовно естетски изглед секогаш позитивно и стимулирачки влијае на учениците. На тој начин се создава пријатна атмосфера и стимулативна средина за учење и работа. Естетско, функционално и тематско уредување на училниците иходниците во училиштето се спроведуваше плански,организирано и континуирано.Вработените и учениците во текот на учебната година континуирано развиваа креативност и одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето (при тоа водејќи сметка за мултикултурализмот во училиштето). По потреба се активираа родителите и заеднички се грижевме за уредување на паноата во училниците, за одржување на катчињата со ученички изработки во училишните холови, како и тековно одржување на хортикултурната естетика во училишниот двор. Сите простории во училиштето функционално ги задоволија потребите на учениците и наставниците со што се овозможи непречена реализација насовремената/секојдневна настава.

Во текот на учебната 2024/2025 година холот и ходниците беа тематски уредувани според планираните содржини предведиени во текот на целата учебна година.Особено,голем акцент се даде на празниците и патрониот ден на нашето училиште.Членови на овој тим се Катерина Глигоровска,Наташа Станковска Зафировска и Офелија Грујовска.

### 19.3. Етички кодекси

Етичките кодекси се збир на морални принципи, вредности и правила што го регулираат однесувањето на професионалците во одредена област – во овој случај, наставниците и вработените во образованието.Тие служат како водич за правилно, одговорно и чесно постапување во секојдневната работа со ученици, колеги, родители и заедницата.

Основни начела вклучуваат: почитување на достоинството на учениците, еднаков пристап до образование, заштита на доверливи информации, одбегнување на дискриминација и злоупотреба на положбата.

Етичките кодекси исто така бараат професионализам, чесност, соработка и континуиран личен и професионален развој.Почитувањето на етичките кодекси гради доверба во училиштето и ја унапредува професионалната култура.

Училиштето има изработено кодекси на однесување на вработените, на учениците, на родителите, кодекс за однесување на учениците за време на екскурзии. Тие се истакнати на видни места во училиштето и со нив се запознаени сите инволвирани. Редовно, на почетокот на секоја учебна година наставниците, учениците и родителите се потсетуваат на правилата на однесување во училиштето и се инсистира на нивно почитување. За непочитување на правилата на однесување за сите инволвирани следат соодветни мерки.

### 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Односите меѓу различните структури во едно училиште (наставници, ученици, родителите, раководство, стручни служби и технички персонал) се основа за создавање позитивна училишна клима, ефективно образование и здраво воспитување.

 Главни структури во училиштето и нивните односи:

1. Наставници – Ученици

✅Овие односи треба да се базираат на меѓусебна почит, доверба и разбирање.

✅Добар однос поттикнува мотивација, ангажман и успех кај учениците.

❌Лош однос може да предизвика отпор, страв и пад на самодовербата кај ученикот.

### 2. Наставници – Родители

✅Соработка меѓу родителите и наставниците е клучна за следење на развојот и напредокот на ученикот.

✅Отворена и редовна комуникација гради доверба и партнерство.

❌Недостаток на комуникација може да доведе до недоразбирања и слаб успех.

### 3. Наставници – Училишно раководство (директор, педагог, психолог)

✅Важна е за ефикасно организирање на наставата, решавање на проблеми и подобрување на наставниот процес.

✅Заедничка визија и тимска работа водат до подобри резултати.

❌Непочитување на мислењата може да создаде конфликти.

### 4. Ученици – Училишно раководство

✅Учениците треба да бидат вклучени преку училишни совети или парламенти.

✅Гласот на учениците треба да се слуша и почитува.

❌Ако се игнорираат, учениците можат да се чувствуваат отфрлено и без влијание.

### 5. Наставници – Стручни служби (педагог, психолог, дефектолог)

✅Соработката е неопходна за решавањ е на проблеми со дисциплина, мотивација, социјални тешкотии и слично.

✅Заедно планираат интервенции, поддршка и активности.

### 6. Наставници и ученици – Технички персонал (чистачи, домари, обезбедување)

✅Иако често во позадина, овие лица се важен дел од функционирањ ето на училиштето.

✅Потребна е културна и коректна комуникација, со почит и разбирањ е.

### □ Како да се подобрат односите во училиштето?

✅Со редовна комуникација и соработка

✅Со почитувањ е на улогите и мислењ ата на сите

✅Со организирањ е на заеднички активности (совети, работилници, спортски настани)

✅Со позитивен пристап и поддршка наместо критика

Раководниот тим на училиштето преку континуирана соработка и состаноци со сите структури (Училишен одбор, Совет на родители, Ученички парламент, стручни активи) ќе врши размена на идеи, искуства и начини за унапредување на работата на училиштето. Во согласност со законската регулатива раководниот тим ќе одржува редовни состаноци на кои ќе се разменуваат мислења, идеи и сугестии за тековните работи и активности, како и креирањето на училишната политика. Комуникацијата ќе се темели на меѓусебно почитување и прифаќање и транспарентност во работењето, со што ќе се зајакнува и училишната клима. Вклучување на родителите во воспитно образовна дејност и отвореноста на училиштето кон средината, преставува чекор напред кон унапредување на добрите меѓучовечки односи, а кои пак се во прилог на воспитната дејност на училиштето.За подобрување и зајакнување на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка од страна ќе се организираат работилници за вработените како и други облици на соработка како : екскурзии ,прослави и други начини на дружење.

***20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар***

**20.1 Детектирање на потребите и приоритетите**

Детектирањето на потребите и приоритетите во училиштето е процес на препознавање на најважните области кои бараат подобрување. Се спроведува преку анкети, разговори, набљудување и анализа на податоци од ученици, наставници и родители. Потребите можат да бидат образовни, воспитни, технички или поврзани со професионален развој. По утврдување на потребите, училиштето ги одредува приоритетите според важност и изработува план за дејствување. Овој процес помага во насочување на ресурсите кон реални проблеми и подобрување на квалитетот на наставата и училиштната клима.

Преку континуирано следење на работата на наставниот кадар од страна на директорот и стручната служба на училиштето, а во склоп со потребите на современата настава ќе се идентификуваат потребите и приоритетите за професионален развој на наставниот кадар. Преку поддршката на наставниот кадар за подобрување на своите стручни компетенции ќе работиме на зголемување на квалитетот и осовременување на наставта.

Брзите промени во општеството, науката и економијата бараат од воспитно – образовниот систем брзо ажурирање на знаењата и вештините за соочување со предизвиците на 21 век. Успехот на индивидуите, групите, организациите се повеќе зависи од перманентното усовршување на наставниците.

За подобрување на квалитетот на образованието на образовниот кадар покрај формалното образование треба да се зема предвид и концептот на доживотно учење т.е нивна континуирана надградба. Почитувајќи го концептот на доживотно учење и новините во образованието, како и констатираните состојби од изработената самоевалуација образовниот кадар ќе присуствува на понудените обуки, семинари, работилници, конференции, трибини, организирани од страна на Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието на Македонија, невладини организации и други релевантни институции.

## 20.2 Активности за професионален развој

Активностите за професионален развој се клучни за унапредување на знаењата и вештините на наставниците. Чести форми се обуки, семинари и вебинари на теми како инклузивна настава и употреба на технологии. Наставничките совети овозможуваат размена на искуства и заедничко планирање. Посетите на други училишта (job shadowing) нудат учење преку набљудување. Самостојното учење преку стручна литература и онлајн курсеви е исто така важен извор на развој. Соработката со педагози и психолози помага при решавање воспитни и едукативни предизвици. Овие активности ја подобруваат наставата и придонесуваат за поквалитетно образование.

Професионалниот развој е заедничка агенда на сите вработени. Тоа е еден динамичен процес кој постојано се надградува и усовршува со цел да се постигне подобар квалитет и ефикасност на училиштата за што поголема улога има успешното раководење и управување со наставничкот потенцијал. Секој наставник е задолжен во рамките на сопствените потреби интереси и за потребите на училиштето да следи стручна литература, да посетува семинари, обуки и континуирано професионално да се усовршува и учи. Предуслови за градење на професионалниот развој се мотивација, способност за понатамошно учење и пристап до нови знаења.
Професионалниот развој ги содржи сите фази на кариерата, од почетник приправник до искусен наставник. Стручното усовршување е планиран процес кој се одвива преку разни видови формално и неформално учење. Него го сочинуваат различни стручни собири, конференции, семинари и работилници.

Целите на програмата за професионално усовршување на наставниот кадар се:

➢ Преземање одговорност за сопственото учење, учење преку соработка со други и стекнување навики за доживотно учење;

➢ Подобрување на стручните компетенции на наставниот кадар, стекнување вештини за креирање на воспитно – образовен процес кој овозможува учениците активно да мислат, учествуваат, критички размислуваат.

| **Тема на обуката** | **Време на реализација** | **Носители на активноста** |
|---|---|---|
| Развивање на дигитални компетенции на наставниците за успешна професионална соработка во училиштето | Октомври 2024 | Вебинар за наставници организиран од ЗОН Учител |
| Стратегии за менаџмент во училница-принципи и примери за добра практика за создаванје на позитивна работна атмосфера во училница и во онлајн виртуелна училница. Од подрачјето-Создавање стимулативна средина за учење на основни професионални компетенции | Октомври 2024 | МОН- Биро за развој на образованието. |
| „Стратегии за работа со ученици со специфични тешкотии во учењето (дислексија,дисграфија и дискалкулија ) и ученици со аутизам | Октомври 2024 | Вебинар за наставници организиран од ЗОН Учител |

| | | |
|---|---|---|
| Работа со децата со аутизам во редовните основни училишта | Октомври 2024 | Здружение за унапредување наквалитетот на животот на лицата аутистичен спектар Сина светулка |
| Компетентни наставници градат идни лидери и сонувачи<br><br>Разрешување конфликти со ученици и меѓу учениците" од подрачјето Создавање стимулативна средина за учење на основни професионални компетенции<br><br>"Врсничко насилство" од подрачјето Создавање стимулативна средина за учење на основни професионални компетенции | Ноември 2024<br><br>Ноември 2024<br><br>Ноември 2024 | Вебинар за наставници организиран од ЗОН Учител<br><br>Биро за развој на образованието<br><br>Биро за развој на образованието |
| Влијанието на физичката активност врз когнитивните способности кај учениците<br><br>„Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство - примери на добри пракси"<br><br>„Законски обврски, стратегии и примери на добри пракси за заштита и учество на учениците" во рамките на Проектот „Промоција на безбедна училишна средина„<br><br>Програма за адолесцентно и целоживотно здравје со фокус на семејството | Декември 2024<br><br>Декември 2024<br><br>Декември 2024<br><br>Декември 2024 | Вебинар за наставници организиран од ЗОН Учител<br><br>СМАРТ АП - Лабараторија за социјални иновации Скопје.- МЕЃАШИ.<br><br>СМАРТ АП - Лабараторија за социјални иновации Скопје.- МЕЃАШИ<br><br>Flourish-организирана од Алтернатива. |

| | | |
|---|---|---|
| Вовед во еТвининг платформата и употреба на дигитални алатки<br><br>Поддршка на децата со аутизам преку физичко образование | Февруари 2025<br><br>Март 2025 | Вебинар за наставници организиран од ЗОН Учител<br><br>Македонски Научно Здружение (МНЗА) |
| За методите како мостови на учење кои ги поврзуваат умовите и срцата на учениците<br><br>,,Превенција од предизвикувачко насилство’’<br><br>“Предизвикувачко однесување со практични вежби“<br><br>Обука за новиот ЕСУАРЕД систем | Април 2025<br><br>Април 2025<br><br>Април 2025<br><br>Април 2025 | Вебинар за наставници организиран од ЗОН Учител<br><br>ОУРЦ ,,Д-р Златан Сремец’’, Скопје<br><br>ОУРЦ ”Д-р. Златан Сремец- Скопје”.<br><br>онлине |
| eTwinning conference Strengthening citizenship education in eTwinning Schools<br><br>Работилница ,,Науката и јас”<br><br>Зајакнување на образованието за граѓанството во еТвининг училиштата<br><br>Обука по географија за новата програма за 7 одделение | Мај 2025<br><br>Мај 2025<br><br>Јуни 2025<br><br>Јуни 2025 | Национална агенција за европски програми<br><br>Биро за развој на образованието<br><br>десеминација од колешката Добрила Дукоска<br><br>Биро за развој на образованието |

## 20.3 Личен професионален развој

Личниот професионален развој се однесува на континуираното учење, усовршување и напредување на секој наставник со цел подобрување на својата стручност и квалитетот на наставата. Тоа е процес што вклучува самопроценка, поставување цели и активно учество во обуки, курсеви, читање литература и размена на искуства со колеги. Наставникот кој вложува во својот развој е поотворен за нови методи, технологии и пристапи во образованието. Овој развој може да биде формален (преку акредитирани обуки) или неформален (самостојно истражување, учење преку пракса). Важен е за одржување на мотивацијата, личната сигурност и креативноста во наставниот процес. Личниот професионален развој не е обврска, туку потреба за секој кој сака да биде успешен и современ едукатор.

Личниот и професионален развој на наставникот се следи преку професионалното досие и годишните извештаи за реализација на Личниот план за професионален развој на наставникот и се развива преку следење на семинари и обуки од МОН и БРО како и од дисеминации организирани од училиштето.

Секој наставник е задолжен за водење на сопствено професионално досие за чија контрола задолжени се директорот, стручни соработници, и инспекторите од ДПИ. Секој наставник треба да е мотивиран за постојано посетување на разни семинари, обуки, конференции, регионални средби заради стекнување на нови искуства, сертификати. Секој наставник треба пред почетокот на секоја година да има сопствен план за професионален развој.

Во текот на учебната 2023/2024 година од страна на БРО ќе се реализираат обуки за вработените според акредитирани програми за наставниот кадар и стручните соработници кои се понудени од страна на БРО и секој наставник според потребите од личен професионален развој ќе избере каков вид на обука ќе посетува.

## 20.3 **Хоризонтално учење**

Хоризонтално учење е процес на размена на знаења, искуства и добри практики помеѓу наставници, колеги или стручни соработници на иста професионална или организациска хиерархиска положба.

Наместо учење „одгоре надолу“ (од експерти кон наставници), тука фокусот е на меѓусебно учење – преку дискусии, заедничко решавање проблеми, тимска работа, наставнички совети, часови за набљудување и рефлексија.

Овој пристап поттикнува колегијална поддршка, доверба, професионална соработка и континуирано унапредување на наставната пракса.

Хоризонталното учење придонесува за создавање на училишта како заедници на учење, каде сите учат еден од друг.

Тоа е ефективен начин за професионален развој, особено во практични и контекстуални ситуации од секојдневната работа.

Сите наставници или училишни координатори на проекти по посета на било која обука, одржаа дисеминација во училиштето. Сознанијата ги споделуваа и на стручните активи и отворените часови. За таа цел беа изработени акциски планови од страна на сите оние кои ги презентираат содржините пред останатите наставници.

### 20.4 **Кариерен развој на воспитно образовниот кадар**

Кариерниот развој на воспитно-образовниот кадар се однесува на процесот на напредок и усовршување во професионалната кариера на наставниците и другите вработени во образованието. Тој вклучува континуирано учење, стекнување нови компетенции, преземање поголеми одговорности и развој на лидерски вештини.

Процесот обично опфаќа учество во обуки, семинари, менторство, како и можности за напредување во работната позиција (на пример, од наставник до педагог или раководител).

Кариерниот развој ги мотивира вработените, ја подобрува квалитетот на наставата и ги зголемува шансите за професионален успех.

За ефективен развој е важна и поддршката од училиштното раководство и јасно дефиниран систем за вреднување и напредување.

Овој процес придонесува и за развој на целото училиште преку подобрување на компетенциите на неговиот кадар.

Во нашето училиште, тимската работа е силна страна на училиштето. Истата продолжи и понатаму да се гради и надоградува преку повеќе форми на активности: соработка во рамките на активите, поттикнување на почитување и флексибилност преку индивидуални и групни средби со вработените, учениците и родителите, како и редовно потсетување на кодексот на однесување и постоечките правилници во училиштето.

## *21.Вклученост на семејствата во училиштето*

### 21.1 Во животот и работата на училиштето

Родителите редовно се информираа за работењето на училиштето преку индивидуалните и групни родителски средби, седниците на Совет на родители, facebook страната и инстаграм профилот на училиштето, web страна на училиштето Е-дневник, преку email комуникација, затворени групи на социјалните мрежи и др. На видни места во училштето се истакнуваат сите потребни информации преку соодветни известувања за тековни активности во училиштето.

Родителите имаа увид во начинот и условите за работа во училиштето, реализацијата на наставата, напредокот на учениците и проектите кои се реализираа во училиштето.

Со цел подобрување на успехот, дисциплината, поведението и изостаноците на учениците, училиштето ги вклучуваше родителите за надминување на пројавените проблеми.

Преку соработката на одделенскиот наставник родителите навремено беа информирани за индивидуалниот напредок на нивното дете, социјализација, адаптација и детектираните проблеми на ученикот. Родителите и семејството имаа увид во начинот и условите за работа во училиштето, реализација на наставата, напредокот на учениците и проектите кои се реализираат во училиштето.

Членовите на Совет на родители како тело во училиштето се избираа/реизбраа на првата родителска средба , каде што секоја пралелка дилегираше свој претставник во Совет на родители. Советот на родители оваа учебна година 2023/2024 одржа 5 седници.

**Училиштен одбор**

Во текот на учебната година Училиштниот одбор работеше согласно Законски овластувања.

Законски овластувања што ги поседува Училишниот одбор се:

- донесување Статутарни промени на ООУ (основното училиште);

- предлага Годишна програма за работа и извештај за работата на ООУ до Советот на општината;

- предлага финансиски план до основачот;

- предлага завршна сметка до основачот;

- објавува јавен оглас за избор на директор;

- врши интервју со кандидатите за директор;

- му предлага на градоначалникот на општината два кандидати, од пријавените кандидати на објавениот оглас, за избор на директор;

- дава мислење до директорот за избор на наставници, стручни соработници и воспитувачи;

- одлучува по приговорите и жалбите на вработените во ООУ;

- одлучува по жалбите на учениците, родителите, однодно старателите на учениците;

- разгледува и други прашања утврдени со статутот на ООУ.

УО оваа учебна година 2023/2024 одржа 6 седници.

## 21.2 Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонанаставните активности

Вклученоста на родителите во образовниот процес е клучна за успехот и развојот на учениците. Кога родителите активно следат училишни активности, учениците покажуваат подобри резултати. Поддршката дома создава позитивна средина за учење. Редовната комуникација со наставниците е важна за следење на напредокот. Родителите можат да се вклучат и во воннаставни активности, како екскурзии и приредби. Нивното присуство ги мотивира учениците и го зајакнува чувството на припадност. Вклученоста поттикнува развој на интереси и таленти кај децата.

Родителите електронски преку мејл адресите и вибер групите кои ги формираа заедно со одделенските и предметни наставници се известуваа за успехот, дисциплината, поведението и изостаноците на учениците. На FB страната на училиштето беа истакнати и термините за консултации со наставниците. Во соработка со нив, се работеше на помош на

ученикот за надминување на пројавените проблеми. Во соработка со одделенските и предметните наставници, родителите навремено се информираа за индивидуалниот напредок на нивното дете, социјализацијата, адаптацијата и детектираните проблеми на ученикот.

Работилниците се ефикасен начин за соработка меѓу училиштето и родителите. Тие им помагаат на родителите да се информираат за начини на учење и развој на децата. Темите може да вклучуваат комуникација, поддршка при учење, и користење на дигитални алатки. Преку размена на искуства, се гради доверба и заедничка одговорност. Присуството на стручни лица ја зголемува вредноста на работилниците. Важно е тие да бидат редовни и прилагодени на времето на родителите. Оваа соработка придонесува за подобро воспитание и образование на учениците.

**Соработка со родители-работилници**

**Актив прво одделение**

Учениците го одбележаа Денот на штедењето.

Преку презентација од родителот Милена Петковска - родител на наш ученик кој работи во Стопанска банка учениците се запознаа со важноста за штедење, имаа интерактивни работилници и добија пригодни подароци. Целта на посетата беше учениците од мали нозе да се запознаат и ја научат важноста за штедењето на пари, вода, хартија...како и на кој начинда се штеди.

Приредба на учениците од I – 1 изведена пред родителите на тема ,,Здрава храна’’

Работилница на учениците од I-1 со изработка на лампиони од тесто и сода во соработка со родителот Павлинка Урдаревска, мајка на Давид Урдаревски.

Работилница на учениците од I-1 на тема ,,Здрава храна за детсво без мана’’ со изработки од храна во соработка со родител Весна Каеска, мајка на Ника Каеска.

Новогодишен базар во нашето училиште, во кој учествуваа учениците од прво одделение со нивните родители.

Новогодишна приредба на учениците од I – 4 пред родителите.

Новогодишна приредба на учениците од I – 3 пред родителите.

Работилница на учениците од I -1 одделение во соработка со родител Гинка Каргоска, мајка на Михаил Каргоски по повод 1 Март, со изработки на мартинки.

Во пресрет на 7 Април Светскиот ден на здравјето учениците од I - 2 одд. заедно со родител - стоматолог од нашето одделение д-р Пепи Нинеска имаа едукативно предавање и работилница посветени на оралното здравје. Учениците преку презентација и практична работилница се запознаа како и на кој начин да го зачуваме нашето орално здравје, како се мијат забите, каква храна да јадеме за да имаме здрави и бели заби.

По повод СВЕТСКИОТ ДЕН НА ЗДРАВЈЕТО во I-5 одделение се реализираше посета од Др.Нина - Стоматолог (соработка со родител) на тема ,,ГРИЖА ЗА НАШИТЕ ЗАБИ“.

Реализација на ЗАВРШНА ПРИРЕДБА за учениците од I-5 за крајот на учебната година, каде што почесни гости беа родителите и нивните најблиски , а учениците го покажаа она што го научиле изминатата година.

Учениците од I - 2 одд. во својата училница имаа свечена завршна приредба за крај на учебната година пред своите родители на која со песни и ритмички точки покажаа дел од тоа колку многу научија во прво одделение.

**Актив второ одделение**

1.По повод месец на штедење предавање од страна на Шпаркасе банка и родител - II1.

Час по ликовно образование во соработка со уметникот Живко Поповски Цветин - II1.

2.Во соработка со родител посета во Рамстор мол и следење на предавање од страна на родител - II2.

3.Час по физичко и здраствено образование основни елементи на ракометот во соработка со родителот Горан Ѓорнгонски.

**Актив трето одделение**

III1

Посета на ПЗУдр.Ружица каде учениците ги повторија и ги проширија своите знаења по природни науки за човекот и

човековото тело.

Посета на првата детска амбасада „Меѓаши“ каде што учениците ја запознаа работата на амбасадата, детските права и одговорности.

Грижа за сопственото здравје, работилница во соработка со родител Данче Стоименовска- фармацевт .

Новогодишна работилница во соработка со родител Павлинка Урдаревска - изработка на новогодишни фигури за престојниот Новогодишен базар.

Соработка со родител Даниел Јовановски при посета на Пајак службата на град Скопје, со цел запознавање и почитување на правилата во сообраќајот.

III2

Посета на стујард од авиокомпанија Виз Аир (поврзување на часот за сообраќај, поопширно за воздушен сообраќај и запознавање)

III3

Посета на НЛБ Банка по повод месецот на штедењето – родител Јасмина Чангов

-Презентација соработка родител-Правилно користење на лекарствата соработка со родител Марина Чачоровска

III3 и III4

Соработка со родители Ангела Шенгуловска по повод Месецот на штедење Sparkase banka – посета на експозитура Аеродром

III4

Соработка со родител Радмила Ризова- проф. по француски јазик-наставни часови во текот на учебната година со цел запознавање на јазикот и развивање љубов кон јазикот.

Посета на археолошкиот локалитет Скупи во Злокуќани во соработка со Археолошки музеј на Македонија соработка со родител Трајан Зафировски

Садење на 23 зимзелени дрвца и грмушести растенија во атриумот на училиштето во соработка на родител Станче Зафировска

III4 и III5

Одржување „ ОДДЕЛЕНСКО КАФУЛЕ“ како планирана активност од акцискиот план за подобрување на менталното здравје на учениците- работилница со родители од цела паралелка и учениците

**Актив четврто одделение**

IV 1

Работилница- Растеме и се менуваме" реализирана со д-р Билјана Трајановиќ и девојчињата од одделение

IV 2

Проект „Заедно сме посилни“заедно со групата ДНК

Новогодишна работилница во соработка со родители – украсување на училницата

Посета на фабриката Јака Нова

IV 3

Предавање на тема „Користење на интернет и сајбер насилство“. Предавањето го одржа вработен во општествено

одговорната компанија А1 а воедно и родител на ученик од IV-3 одделение

IV 4

Интерактивен час по изборен предмет Шах – посета од Стојанче Димковски мајсторски кандидат во Шах, тренер во Гамбит

и дел од Шаховската федерација .

Посета на филијала на Стопанска банка

Новогодишна работилница во соработка со родители – украсување научилницата

IV 5

Предавање за Време, клима и кружење на водата од родител-метеоролог на ученикот Марко Митковски -дополнување на содржините по природни науки и следење експерименти

**21.3 Едукација на родителите и старателите**

| Планирани активности | Носители на активноста | Време на реазлизација | Финансиски средства |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Специјален едукатор Весна Вукелиќ | 12.03.2024 | / |
| Две еукативни работилници за психосоцијална поддршка на менталното здравје и добросостојба на децата и возрасните во ситуација на криза | Психолог - Мирјана Саздовска Стојановска | 09 - 10.10.2024 | / |

*Планот може да се менува во текот на учебната година во зависнот од потребите .

## *22. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето*

### Институции од областа на културата

Според планот и годишната програма училиштето ги следеше сите објавени конкурси и покани за натпревари и истите се доставуваа до одговорните наставници, кои ги спроведуваа преку учество на учениците. Литературните и ликовните конкурси, посетата на културноисториски споменици, музеи, библиотеки и ликовни колонии беа посетени според потребите на наставата и по избор на предметниот или одделенскиот наставник.

### Институции од областа на образованието

➢ Соработка со МОН при доставување на годишната програма на училиштето, тековна соработки при воведување и реализација на сите промени и новини кои произлегуваат од министерството.

- Во соработка и организација на БРО во согласност со потребата за унапредување и модернизација на наставата, наставниот кадар и оваа учебна година перманентно го надградуваше сопственото знаење со посета на обуки и семинари

- Во текот на учебната година училиштето во соработка со Општината Аеродром и активот на директори на ниво на општина за низа консултации, размена на искуства, тековни прашања. Училиштето учествуваше на разни едукативни и хуманитарни активности во соработка со општина Аеродром.

- Соработката со Државниот просветен инспекторат (ДПИ) преку евалуација на работата на училиштето, како и примената на законите, другите прописи и општи акти од областа на образованието и воспитанието.

- Соработката со детските градинки во мај за уписниот рок за запишување на првачињата во училиштето.

- Соработка со основните и средните училишта се одвиваше во насока на активности кои ги третираат наставните и воннаставните активности како што се спортските натпревари и натпревари во разни други подрачја , литературни читања, размена на искуства помеѓу наставниците .

**Соработка со здруженија на граѓани**

Соработката со невладините организации е од големо значење за целокупниот развој и напредок на училиштето. Во учебната 2024/25 година продолжи соработката со невладините организации „НВО „Поврзани“, НВО „Отворете ги прозорците“, НВО Отворена Порта, Општинска организација на Црвен крст Кисела Вода, НВО Нулта Отпад, ПАКОМАКхрид, НВО Алтернатива, СИВУС, НВО Охрид, Центар за интегрирана безбедност, Француски институт со кои веќе имаме работено на различни активности и проекти.

На 22.11.2024 год. Задоволство ни беше што во нашето училиште ООУ ,,Ѓорѓија Пулевски" се одржа 38-от по ред квиз натпревар во организација на Општинскиот противпожарен сојуз-Аеродром. Нашето училиште го претставуваа учениците:

Давид Лебанов 9-5 одд.

Калин Ристов 9-5 одд.

Анастасија Трајковска 9-5 одд.

под водство на менторот Зорица Крстевска Стевковска.

На 3.4.2025год. во холот на нашето училиште ООУ ,,Ѓорѓија Пулевски" се одржа презентација за 9-то одделинние на тема ,,Основи на заштитата од пожари" и практична вежба во дворот на училиштето . Презентер: Зорица Крстевска Стевковска.

Нашето училиште постојано ги следеше новините и понудите за соработка од невладините организации.

Проектот на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат“ имаше за цел да ги вклучи медиумската писменост и критичкото размислување во наставните програми во основно и во средно образование. Македонскиот институт за медиуми и ИРЕКС го спроведуваат овој проект во координација со Бирото за развој на образованието и со Министерството за образование и наука.

**Спортски друштва**

Со цел да се афирмира спортот меѓу младите, нашето училиште соработуваше со голем број спортски друштва, меѓу кои се:

- Федерација на училишен спорт на Р.С. Македонија
- Сојуз на училишен спорт на град Скопје
- Општински сојуз на училишен спорт Аеродром, Скопје

**Здравствени организации**

Училиштето продолжи да соработува со институциите кои се директно поврзани со грижата за здравјето на учениците, а тоа се: Поликлиника „Јане Сандански“, Меѓуопштински Центар за социјални работи на град Скопје, Завод за ментално здравје, Тим за функционалана процена по меѓународна класификација. Во текот на годината се организираа и предавања според потребата, изведени од стручни лица, надворешни соработници, од Црвениот Крст на Кисела Вода. Целта на ваквата едукација беше проширување на знаењата на учениците и развивање на свеста за значењето на здравјето и водењето

грижа за истото. Како и секоја година, така и оваа, училиштето продолжи соработката со стоматолошката ординација на Поликлиниката „Јане Сандански“ .

**Медиуми**

Соработката со медиумите е важен дел во соработката со јавноста. Како и секое современо училиште и нашето училиште имаше потреба од афирмација на неговата работа и постигнатите резултати, со цел јавноста да има увид во начинот на работење, целите и резултатите што притоа се постигнуваат. На овој начин и ученичкото творештво и постигања во разни области добиваат можност за поширока афирмација. На овој план е воспоставена соработка со повеќе печатени и електроски медиуми, како што се: Македнска телевизија, Телма, Канал 5, списанијата за деца и млади: Развигор, Другарче, Наш свет,Клик, дневниот печат. Како начин на афирмација и промоција на нашето училиште е веб- сајтот и facebook страната на училиштето.

***23. Заклучок***

Од искажаното во Извештајот за работа на училиштето во учебната 2024/2025 година и направената анализа, констатирани се следните заклучоци, согледувања: Дефинираните цели по основ на Годишната програма на училиштето во учебната 2024/2025 се реализирани во голем процент.

Изминатата учебна година беше период на големи достигнувања, динамични промени и континуирана посветеност на нашиот воспитно-образовен кадар во унапредувањето на образовниот процес и создавањето позитивна училишна средина. Со задоволство можеме да констатираме дека нашето училиште ја потврди својата улога како водечка образовна институција која поставува високи стандарди во сите клучни области на работа, вклучувајќи наставата, воспитната работа, професионалниот развој, етичките принципи и материјалната инфраструктура. Оваа успешност е резултат на тимската работа, стручноста и иновативниот пристап на сите вработени, како и на активната соработка со учениците, нивните родители и локалната заедница.

Во областа на наставата, нашите наставници успешно интегрираа современи педагошки методи и дигитални алатки, што овозможи создавање на стимулирачка и интерактивна училишна атмосфера. Акцентот беше ставен на индивидуалниот пристап кон секој ученик, поттикнување на критичкото размислување, развојот на креативноста и тимската работа. Како резултат, учениците постигнаа извонредни резултати, а нивниот интерес и мотивираност за учење значително се зголемија. Овие успеси го потврдуваат квалитетот на применетите наставни практики и ја подигнуваат репутацијата на училиштето на национално ниво.

Позитивната училишна клима беше една од најважните компоненти на нашиот успех. Оваа клима е изградена преку отворена комуникација, меѓусебна почит и доверба меѓу сите учесници во воспитно-образовниот процес – ученици, наставници, родители и администрација. Посебно внимание се посвети на почитувањето на етичките принципи, кои се втемелени во нашиот етички кодекс и кои нè водат кон фер, одговорно и чесно однесување. Овие вредности создадоа сигурна, поддржувачка и инклузивна средина во која секој ученик има можност да се развива и да ги реализира своите потенцијали.

Професионалниот развој на воспитно-образовниот кадар беше во фокусот на нашите активности. Наставниците активно учествуваа во бројни обуки, семинари и хоризонтални учења, кои им овозможија постојано усовршување и обновување на знаењата и вештините. Воедно, учествувавме и во проекти на локално и меѓународно ниво, кои овозможија размена на искуства и добри практики со други образовни институции. Ова значително ги зајакна компетенциите на наставниците и ја подобри квалитетната наставна работа, како и поддршката на учениците во нивниот развој.

Во текот на годината, негувавме и поттикнуваме кариерен развој преку јасно дефинирани политики и механизми за вреднување и напредување во кариерата. Ова резултира со зголемена мотивација и посветеност на вработените, кои постојано ја подобруваат својата професионална практика. Раководството на училиштето обезбеди континуирана поддршка, организирајќи стручни советувања, менторство и координирани активности кои овозможија развој на лидерски и тимски вештини кај наставниците.

Инвестициите во материјалната база и инфраструктура исто така бележат значителен напредок. Училиштето располага со современи и функционални наставни простории, опремени со најнова техничка опрема и училишни помагала, кои овозможуваат ефикасна и атрактивна настава. Обезбедивме безбедна и пријатна околина, што е неопходен предуслов за квалитетно учење и здрав развој на учениците. Овие подобрувања ја зголемуваат ефикасноста на работата и ја поттикнуваат креативноста и иновативноста кај сите учесници во воспитно-образовниот процес.

Нашето училиште со гордост се позиционира како најдобро во секоја област, воспитната и етичка работа, преку професионалниот развој и кариерниот напредок на кадарот, до материјалната и организациската поддршка. Овие достигнувања не само што го потврдуваат нашиот висок стандард, туку и нè обврзуваат на континуирана посветеност, иновации и унапредување на образовната практика.

Во иднина, училиштето ќе продолжи да ги следи најновите образовни трендови, да имплементира иновативни методи и да обезбедува сеопфатна поддршка за развојот на учениците како целосни личности. Нашата цел е да создадеме инклузивна, мотивирачка и сигурна средина во која секој ученик ќе има еднакви можности за учење и напредок. Со заеднички напори на

наставниците, учениците, родителите и локалната заедница, веруваме дека ќе ги надминеме сите предизвици и ќе ја унапредиме образовната заедница во целина.

Затоа, со голема благодарност до сите кои придонесоа за овие успеси, гледаме со оптимизам и решеност кон новата учебна година, посветени на понатамошно градење на традицијата на квалитет и извонредност. Училиштето е сигурно место каде што растат и се образуваат идните генерации – носители на знаење, вредности и прогрес во нашето општество.

**24. Комисија за изработка на годишниот извештај за работа на основното училиште**

8// Ирина Николоска - в.д. директор
1. Љубинка Стојановска- предметен наставник
2. Кристина Костиќ- предметен наставник
3. м-р Катерина Лазев - одделенски наставник
4. Љубица Јовановска - одделенски наставник

***25. Користена литература***


1. Развоен план на ООУ „Ѓоргија Пулевски“ за период 2021-2025 година

2. Самоевалуација на ООУ „Ѓорѓија Пулевски“ 2020/2022 година

3. Годишна програма за работа и постигнтите резултати на училиштето во учебната 2023/2024 година

4. Статут на ООУ„Ѓоргија Пулевски“

5. Закон за основно образование (Службен весник на РСМ, бр.161 од 05.08.2019 година) .

6. Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта (Службен весник на РСМ бр.161 од 05.08.2019 година).

7. Закон за работни односи

8. Закон за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/19)

9. Наставник од почетник од ментор - Водич за професионален и кариерен развој на наставниците во основните и средните училишта, Македоснки центар за граѓанско општество (МЦГО) Скопје, 2016 година

10. Стручен соработик од почетник до ментор - Водич за професионален и кариерен развој на стручните соработници во основните и средните училишта, Македонски центар за граѓанско општество (МЦГО) Скопје, 2016 година

11. Националната програма за развој на образованието во Р.С. Македонија

12. Законот за организација и работа на органите на државната управа

Дата

Скопје, 2025 год.

**Потпис на Директорот на ООУ „Ѓорѓија Пулевски“**

________________________________

***Ирина Николоска - в.д. директор***

**Потпис на Претседател на училиштен одбор**

**на ООУ „Ѓорѓија Пулевски“**

________________________________